**Лот број**: 3.1 - Набавка на преносни компјутери (лаптопи)

**Референтен број на проектот:** IPA/2020/420-934

**Наслов на проектот:** Поддршка на слободата на изразување во медиумите во Северна Македонија

**Финансиран од**: Европската Унија

# АНЕКС 1 – ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ
# (TERMS OF REFERENCES - TOR)

## Позадина

**Накусо за проектот:**

Целта на проектот е зајакнување и поддршка на слободата на изразување во медиумите во Северна Македонија и поддржување, унапредување и афирмирање на саморегулацијата во медиумите. Дополнително, фокусот на проектот е јакнењето на капацитетите на Советот за етика во медиумите (СЕММ). Исто така, ќе се работи на подобрување на интегритетот и професионализмот во редакциите, како и директна и индиректна комуникација со медиумите, со особен фокус во утврдување на специфични механизми за соработка со новинарите и медиумите. Проектните активности исто така имаат за цел да подготват основа за ажурирање на етичките Кодекси, особено во делот на унапредување на етичките и професионалните стандарди.

## Цел и предмет на набавката:

Целта на оваа набавка е обезбедување на 2 (два) преносни компјутери (лаптопи), кои што ќе се употребуваат и служат за потребите и во рамките на активностите на проектот „Поддршка на слободата на изразување во медиумите во Северна Македонија“. Оценувањето на понудувачите ќе се врши врз основа на портфолиото на компанијата, квалитетот и карактеристиките на продуктите, понудените цени, времето на испорака, гарантниот рок, сервисна мрежа, односно сè што е детално наведено во Анекс 4.

**<u>Очекувани резултати:</u>**

Со спроведувањето на тендерската постапка за набавка на 2 (два) преносни компјутери (лаптопи), избраниот најповолен понудувач е обврзан да изврши набавка на продуктите со следниве **<u>(минимум)</u>** технички (хардверски и софтверски) карактеристики:

- **Напомена**: <u>Понудувачите може да предложат модели на лаптопи со понапредни карактеристики од долунаведените. Понудените лаптопи не е облигаторно да бидат единствено според наведените минимум технички карактеристики.</u>

| |
|---|
| - Процесор - минимум i5 серија<br>- Меморија (RAM) - минимум 8 GB<br>- Екран - големина 15.6 инчен - LED/IPS<br>- Хард диск (HDD) – минимум SSD 512GB, или пак комбинација на SSD и HDD Хард диск<br>- Графичка карта - интегрирана или екстерна<br>- Интегрирана HD web камера со микрофон<br>- Мрежна карта - Wireless LAN 802.11 a/b/g/n/ac или еквивалентно<br>- Приклучоци/порти: минимум 1 USB (серија 3.0); 1 USB (серија/тип C 3.1); приклучок за слушалки/микрофон; HDMI<br>- Капацитет на батерија - мин. 5 часа издржливост<br>- Лиценциран оперативен систем – Windows 10<br>- Додатоци - вклучена торба/ранец за лаптоп во понудената цена. |

**<u>Квалификации и капацитети на понудувачот</u>**

Успешните понудувачи треба да бидат правни лица и да ги имаат следниве технички капацитети и квалификации:

1. Евидентно портфолио на правното лице (компанијата), кое ги докажува квалитетите и капацитетите на компанијата;
2. Етаблирана продажна мрежа и капацитети за набавка на квалитетни и познати/истакнати брендови/фирми на лаптопи на пазарот;
3. Пост-продажна сервисна мрежа и техничка помош;
4. Евидентна рефрентна листа со клиенти која го докажува капацитетот за извршување на набавки за сличен вид и обем на набавка;
5. Понудувачот не смее да биде подизведувач за бараната набавка, за кои барателот на услугите ќе/би имал обврска кон трети страни.

Проектот е финансиран од Европската Унија

**Временска рамка:**

- Датумот откако компанија ќе може да пристапи кон набавка на лаптопите ќе биде утврден откако барателот на набавката ќе го извести избраниот понудувач дека е селектиран од Комисијата за оценување на понуди, како (најповолен понудувач). Договорот за набавка ќе биде склучен по известувањето за избраниот најповолен понудувач, во рок од максимум 3 работни дена.
- Понудувачите се должни да наведат време на испорака во Финансиската понуда (Анекс бр. 3). Барателот на услугите препорачува предвиденото време за бараната набавка да биде во најбрз можен рок и во согласност на капацитетите на понудувачот.
- Доколку наведените услови во склучениот договор за набавка не бидат испочитувани од страна на избраниот понудувач, СЕММ има право да го раскине договорот, а по претходно писмено известување во рок од 3 работни дена пред раскинувањето.

**Финансиски надомест:**

Вкупната понудена цена за набавените лаптопи потребно е да биде без пресметан ДДВ, имајќи предвид дека Проектот е ослободен од исплата на ДДВ, во согласност со решението од Управата за јавни приходи – УЈП и билатералниот договор помеѓу РСМ и ЕУ, видно од потврдата од Секретаријатот за европски прашања (СЕП), со број: 20-15/2 од 12.02.2021 год.

Деталите и начините на исплата ќе бидат дефинирани во договорот склучен помеѓу барателот за за набавката и избраниот понудувач.

Плаќањето ќе се врши според следнава динамика:

- По извршената достава на набавените лаптопи и испорачување на оригинална фактура, без пресметан ДДВ, изработена преку системот на Управата за јавни приходи (УЈП).
- Ќе се исплати на име и трансакциска сметка во сопственост на правното лице, која што ќе биде наведена во склучениот договор со избраниот понудувач.

**Анекс бр. 1**